

# Baumit SilikatTop

## Силикатен завршен малтер




- **Висока паропропустливост**
- **Отпорност на нечистотии**
- **Брилијантни бои**

**Производ** Фасаден декоративен малтер, тенкослоен, на база на калиум-силикат(водено стакло), во мазна (КРАТЦ) или зарибана (РИЛЕ) структура. Процесот на врзување се одвива со силикатизација без предизвикување на површински напон и собирање. Производот е испитан во склад со европскиот стандард EN 15824 и во систем според ETAG 004 - Насока за европско технички одобренија. Рачно и машинско апплицирање .
Компонента од фасадните термоизолациони системи (КСИНТИ):
- Баумит Стар
- Баумит Про

**Состав** Калиумово водено стакло, мермерен гранулат, микро влакна, бели и обоени минерални пигменти, адитиви и вода.

**Својства** Отпорен на сите климатски услови, хидрофобен, со висока паропропустливост, чистечки (може да се чисти со чиста вода), отпорен на нечистотии, еластичен, отпорен на механички напрегања, лесно се нанесува (рачно или машински) .

**Аплицирање** Фасаден декоративен малтер за Баумит фасадните термоизолациони системи (КСИНТИ), како за стари така и за нови минерални малтери и бетон . Се препорачува за заштита на историски и културни споменици . Со новата Cool Pigment технологија темните нијанси лесно може да се работат преку целата површина на фасадата .

Life COLORED BY BAUMIT

**Облик на испорака** Канта 25 kg, 1 палета = 24 канти = 600 kg

**Складирање** 12 месеци на суво на дрвени палети во фолија, заштитено од мрзнење и директна сончева светлина.

**Гаранција за квалитет** Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции** Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.


Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Подлога**

Подлогата мора да биде сува, незамрзната, без прашина, впивлива, рамна, носива, без ефлоресценција и нестабилни делови. Рамноста на зидот мора да одговара на важечките норми, максимално дозволено одстапување е 2мм на должина од 1 метар . Одстапувањето од рамноста над дозволениот лимит може да доведе до зголемена потрошувачка на материјал и да влијае на конечниот изглед на фасадата .
Производот е погоден за следните подлоги:

- минерални малтери (прим. Баумит цементни и варово-цементни малтери);
- бетон ;
- Баумит фасадни лепаци ;
- минерални и органски бои со добра атхезија

Производот е условно погоден за следните подлоги (Нанесете тест површина!):

- материјали од гипс и вар (обрнете внимание на карбонизацијата).

Производот не е погоден за следните подлоги:

- пластични и синтетички материјали ;
- лакови, односно мрсни бои ;
- дрво ;
- метал ;
- органски бои со висока еластичност

**Подготовка на подлогата**

- Лесно песочни минерални површини да се ојачаат со нанесување на зацврстувач за малтери, Баумит SanovaPrimer (време на сушење најмалце 14 дена ) или со користење на Баумит MultiPrimer темелен прајмер (време на сушење пред нанесување на завршниот слој е најмалце 12 часа );
- Нечистите површини да се очистат, механички или со миење, со почитување на времето на сушење од мин. 2-3 дена;
- Подлоги заразени со алги и габи треба да се третираат со специјални производи, на пример, Баумит раствор против габи ReClean (видете го техничкиот лист за производот)
- Да се одстранат сите слбо лепливи бои;
- Оштетени или напукнати минерални површини да се санираат со нанесување на Баумитови смеси (прим. MultiWhite, DuoContact, ProContact, StarContact White, openContact) и по потреба армирајте со мрежичка Баумит StarTex.

**Покрај горенаведеното, пред нанесувањето на фасадата со SilikatTop, сите површини мораат да бидат премачкани со прајмерот Баумит Premium-Primer или Баумит UniPrimer (минимално време на сушење 24 часа).**

**Обработка**

1 x БаумитPremiumPrimer/UniPrimer темелен прајмер (се нанесува рамномерно по целата површина), или 2 x Баумит Premium-Primer/UniPrimer темелен прајмер (за поправки и за силно впивливи подлоги со време на сушење помеѓу слоевите од мин. 24 часа).
Баумит PremiumPrimer / UniPrimer прајмерот се суши најмалце 24 часа, после што може да се нанесе фасадниот малтер Баумит Baumit SilikatTop.
1 x БаумитSilikat Top мора добро да се измеша со ротациона мешалка пред почетокот со работа. За да ја прилагодите конзистенцијата на материјалот, дозволено е разблажување со макс. 1% вода во случај на потреба. Фасадниот малтер се нанесува рачно со глетарица од нерѓосувачки челик или машински со машина за фино малтерисување (прим. Graco RTX 1500, и.т.н.). Нанесувањето се прави во дебелина на зрно и веднаш се пердаши со пластична глетарица . Да не се меша со други производи. Работете рамномерно и без прекини.

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата во текот на постапката на аплицирање и врзување мора да биде најамлце 5 °C и максимално 30 °C. Фасадата треба да биде заштитена од директно дејство на сончевата светлина, дожд и јак ветар (заштитна мрежа за скеле). Високите летни температури го скратуваат времето на сушење (постои опасност од пребрзо сушење) „Прегорување“ -брзо и прерано испарување на водата од фасадниот декоративен малтер пред почетокот на врзување.
Високата влажност и ниската температура можат да доведат до подолго време на сушење и промена на бојата на фасадниот малтер. Промена на условите за време на процесот на врзување или обработка на фасадниот малтер може да предизвика неизедначеност во нијансата . Разликата во бојата (дамки) воглавно настануваат како резултат на неизедначената впивливост на подлогата или нееднаквото изложување на фасадата на сончевата светлост (сенка од скеле), што предизвикува нерамномерност на подлогата во смисол на степен на впивливост и различна брзина на врзување .
За да се избегнат видливите спoеви на преодите помеѓу поедините нивоа од скелето, неопходно е да се обезбедат доволен број на работници и на преодите да изведува „мокро на мокро‘‘, со што се смалува ризикот за појава на нерамномерности во бојата и структурата. Прекин со работата на една површина не е дозволено.
На нијансата и целокупниот изглед на површината влијаат подлогата, големината на површината, структурата и гранулацијата, како и типот и аголот на осветлувањето. Оценката за нијансата и структурата на готовата површина се изведува со одалеченост од неколку метри (по правило 2 - 4 м) од фасадата, а не од непосредна близина, нормално на површината на фасадата (не од косо). Неизедначеностите не смеат да бидат видливи при нормален извор на светлина (не од косо ).
Потполно иста нијанса може да се гарантира само во рамките на иста производна шаржа и испорака. Ако користите производ од различни шаржи, обавезно е замешување на кантите со различна шаржа пред нанесување. Поради природниот карактер на мермерното полнило (каменот) кој се користи во составот на фасадата , можно е појавување на поедини зрна со нешто потемна или жолтеникава боја. Тоа не е недостаток на квалите, може само малку да влијае на визуалниот аспект поради природната суровина која се користи за добивање на декоративниот малтер за фасада Баумит . Механичките влијанија врз површината на фасадниот малтер можат да доведат до промена на бојата на овие места (поради пигментно соголување). Оваа промена на бојата не влијае на функционалноста или квалитетот на производот.
Доколку се користи фасадна боја (Колор) преку декоративниот фасаден малтер (Топ) неможе да се гарантира потполно иста нијанса.
Доколку треба да се нанесе друг слој на фасаден малтер на фасадата потребно е да се почека мин. 48 часа пред нанесување (при климатски услови: температура 20 °C и влажност на воздухот 60%). Баумит фасадите се произведуваат со додаток против развивање на мувла и алги. На овој начин се постигнува ефектот на заштита и спречување на нивна појава . Во случај кај објекти опкружени со критични услови на животната средина (над просечна влага, во близина на езера/реки, препорачуваме додатна заштита од мувла ,,антипилц,, додаток. Овој додаток е достапен на барање со посебна порачка . Конечното исчезнување на мувлата и / или габите не може да се гарантира.
Ве молиме да ги земете во обзир стандардите на квалитетот на изведбата, во кој е детално објаснето правилната изведба, кои се наведени во ,,Баумит фасадни системи- Насоки за изведба,, кои се актуелни во врска со ваков тип на изведувачки работи.
Како општо правило во случај на употреба на фасаден декоративен малтер на фасадни термоизолациони системи (КСИНТИ), вредноста на коефициентот на рефлексија на сончевата светлина не семее да биде помала од 25. Благодарејќи на иновативниот Баумит ,,Cool,, пигмент оваа вредност на факторот на рефлексија може да се надмине, бидејќи моменталните КСИНТИ правила го имаат ова ограничување . Со примената на вредноста TSR (вкупен сончев одсјај), во комбинација со посебниот Баумит ,,Cool,, пигмент, кој подобро ја рефлектира сончевата светлина и така го намалува сончевото загревање на фасадата, можно е да се нанесе фасаден малтер со темна нијанса и на големи површини кај Баумит термоизолационите системи
Во случај на следните нијанси на боја, дебелината на арматурниот слој од лепак мора да биде мин. 5 мм: 0372, 0382, 0392, 0402 , 0412, 0422, 0432, 0442, 0512, 0522, 0582, 0612, 0622, 0632, 0672, 0682, 0862, 0872, 0882, 0892, 0902, 0912, 0922, 0932, 0972.
Сите лимарски работи мораат да бидат завршени, сите профили поставени, сите анкери на фасадата поставени, како би се спречило влез на атмосферска вода и појава на влага во фасадниот систем, а со самото тоа и создавање на ефлоросценција (исцветување) на површината.
Заштита на соседни површини: Површините до завршната површина, особено стакло, керамика, шпер плоча, клинкер, природен камен, лак и метал мораат да бидат заштитени . Испрсканите површини мораат одма да се измијат со вода. После употреба алатот и опремата треба одма да се измијат со вода.
Фарбање е можно со:

- Баумит SilikatColor
- Баумит SilikonColor
- Баумит NanoporColor
- Баумит StarColor

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk